**УДК 929 Неделков, Љупчо Ј.(093.3)**

Сеќавање на



## д-р Љупчо Ј. Неделков (1964–2012)

доцент на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

На 17 јули 2012 г. почина колегата, доц. д-р Љупчо Неделков. Не успеа да се избори со тешката болест и покрај големата желба за живот, која во одредени моменти нам на колегите ни се чинеше дека е толку силна што колегата Неделков целосно ја игнорира болеста и нејзиниот замав. Говорејќи и пишувајќи за смртта, повеќемина од нас знаеја дека во овој однос кон смртта има нешто општочовечко, онтолошко. Кога човек е близу до смртта, соочувањето со неа не е лесно, ниту на индивидуално ниту на колективно ниво. Тоа станува особено изразено кога идејата за смртта се спротивставува со идејата за животот, за разделбата од блиските. Денешните современи медицински и општествени концепти за справување со овие тешки и комплексни прашања, мора да признаеме, се доста слаби и неуспешни во изнаоѓањето патишта за справување во борбата со болестите и смртта. Веќе далечни од традиционалните концепти на сфаќањето на умирањето, во современоста, луѓето сме оставени да талкаме по сопствените души и тела за да разбереме што ни се случува, а бесконцептноста нè остава без многу можности во тоа.

Колегата Љупчо Неделков е роден во Кавадарци, во 1964 г., но од своите младешки години живеел во Скопје. Тој беше еден од оние луѓе што животот го доживуваа како посебна вредност, а на задоволствата што ги нуди им придаваше особено значење. Како момче останал сирак, без татко, а тоа, и покрај што тој начесто сакаше да го компензира со покажување одлучност и смелост, претставуваше за него тешко бреме што излегуваше на виделина само во моменти на емотивни разговори со некои од нас.

По завршувањето на средното образование, во учебната 1983/84 г. се запишал на студиите по етнологија на Природно-математичкиот факултет, каде што во 1989 г. дипломирал.

Во круцијалниот период на обновување на студиите по етнологија како четиригодишни студии, во мај 1990 г. бил избран за стручен соработник на тогашниот Завод за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 535 од 1. 4. 1990 г.). Како стручен соработник започнал да ги држи вежбите по Општа етнологија, Етнологија на воневропски народи, Етнологија на балкански несловенски народи и Етнологија на Јужни Словени.

Речиси истовремено се запишал на постдипломските студии по етнологија на Филозофскиот факултет на Одделението за етнологија во Белград. Тоа беше времето кога јас веќе студирав на додипломските студии по етнологија на истото одделение, и таму за прв пат се запознавме. Тој доаѓаше да ги полага испитите од постдипломските, а јас во разговорите со него започнав да се запознавам со академската ситуација и состојбата со студиите по етнологија во Скопје. Разговаравме движејќи се по белградските улици или во некоја од белградските боемски кафеани. Од колегата Неделков ги дознавав проблемите со кои тие се соочуваа во текот на организирањето на студиите, со кадровските проблеми, но најмногу од сè, дискутиравме за недостигот од современа теориско-методолошка основа во концептот на студиите по етнологија во тоа време. Под менторство на проф. д-р Ѓурѓица Петровиќ тој ја пријавил својата магистерска теза под наслов: „*Народната носија на Власите и Саракачаните во Македонија*“,проблематика што во смисла на предметот на проучувањето, во тоа време, претставуваше сè уште недоволно истражена и непозната тема. Во студијата посветена на народната носија на Власите и на Саракачаните во Македонија се испреплетени две специфични полиња на истражување и познавање, едното поврзано со народната носија и, второто, поврзано со познавање на етнографијата на заедниците на Власите и на Саракачаните во Македонија и на Балканот. Попрецизно, во студијата се обработени традиционалните форми на народната носија и нејзиниот развиток кај Власите Фаршериоти, на Власите Карагуни и на Мегленските Власи. Исто така, обработена е и народната носија на заедницата на Саракачаните во Македонија.

Во 1996 г. Љупчо Неделков успешно ја одбранил својата магистерска работа на Универзитетот во Белград и се стекнал со звањето *магистер по етнолошки науки*. Откако се стекнал со формалните услови, во 1997 г. бил избран во звање *асистент* во Институтот за географија – Завод за етнологија на ПМФ – Скопје (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 672 од 28. 11. 1997 г.).

Веќе следната 1998 г. пријавил тема за докторска дисертација под наслов: „*Обредите на премин од животниот циклус на Македонците во Тиквеш*“, под мен-

торство на проф. д-р Анета Светиева, која на 30. 12. 2003 г. успешно јавно ја одбранил и се стекнал со научно звање **доктор на етнолошки науки**.

Во 2004 г. бил избран во наставно-научно звање доцент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Студијата со наслов: „*Обреди на премин од животниот циклус на Македонците во Тиквеш*“ е обемна студија посветена на еден исклучително важен сегмент од човековото живеење – животот на поединецот од раѓањето па сѐ до смртта, обработен низ теориската призма на обредите на премин, добро позната и широко употребувана методологија во светски рамки.

Студијата е конципирана во три главни содржински блока: *раѓање*, *свадба* и *смрт*. Теориската анализа со која се дава основата на истражувањето е реализирана врз богат теренски материјал собран во Тиквеш за време на неколкугодишните емпириски истражувања на кандидатот.

Во првиот дел посветен на анализа на религиско-митските и обредните аспекти на *раѓањето*, авторот, врз основа на фолклорни и етнографски материјали, ги определил основните фази на тријадичната структура на обредите на премин: сепарација > маргиналност > агрегација, како и најважните статусни карактеристики на вклучените учесници во секојдневните и во обредните активности.

Во својата анализа авторот д-р Љ. Неделков утврдил дека во обредната структура раѓање, обредните субјекти се наоѓаат во постојано обредно движење од една состојба во друга, менувајќи го својот статус. Премините може да се следат на социјален и на просторен план. За родилката, преминот на социјален план се одвива помеѓу опозиционо поставените социјални категории: небремена > бремена > родилка > леунка > обредно чиста жена; за новороденчето преминот се одвива помеѓу категориите: незачнато > фетус > новороденче без социјален статус > со нов статус. Преминот во просторен план ја има следната структура: за жената бременоста претставува движење од социјалниот простор кон обредниот простор во кој се врши чинот раѓање, и оттаму родилката оди во собата каде што го поминува периодот на леунството, што имплицира магиска затвореност; за новороденчето преминот може да се прикаже преку опозициите: внатре > надвор, тесно > широко, темно > светло, оној свет > овој свет или накусо кажано премин од хтонскиот свет во светот на живите.

Во вториот дел од анализата посветен на *свадбата*, авторот ги регистрирал општите карактеристики на тријадична структура, истакнувајќи дека промената на статусот не се однесува само на главните учесници во обредот – момчето и девојката – туку се проширува и на сите членови на нивните семејства, како и на членовите на селската заедница. Анализата на авторот утврдила дека обредните структури поврзани со свадбата покажуваат извесен степен на комплементарност иницирана од динамичниот карактер на обредните дејства. Така, обредната структура маргиналност започнува со обредни дејства за сепарација, додека, пак, во обредната структура агрегација се јавуваат обредни дејства со маргинална позиционираност. За момчето, обредните дејства за сепарација имаат привремен карактер, а обредните дејства за агрегација се маргинализирани и со симболичен карактер. За невестата, пак, сепарацијата е трајна, еднонасочна и неповратна, па затоа се споредува и со обредното движење во посмртниот обреден комплекс; елементите за агрега-

ција започнуваат уште во маргиналната обредна фаза (деверисување на невестата и сл.). Премините што се одвиваат во обредната структура свадба се прикажани на социјално, просторно и на временско ниво.

Во третиот дел посветен на истражувањето на *смртта* низ тријадичната структура на обредите на премин, авторот д-р Љ. Неделков ги утврдил општите и специфичните елементи.

Обредната структура смрт, исто така, претставува преодно време. Со актуализација на правилата за изолација на обредниот субјект од дотогашната профана средина започнува обредната структура смрт. Воспоставувањето на новата социјална рамнотежа ја означува крајната точка на обредната структура смрт. Авторот заклучил дека обредните фази сепарација, маргиналност и агрегација се слични како и кај обредната структура раѓање. Сепарацијата е со најкартка временска димензија и има самостојна позиционираност, додека пак маргиналната фаза и агрегацијата меѓусебно се поклопуваат и имаат заедничко време на траење. Значи степенот на сепарација и светото време го достигнуваат своето максимално ниво што имплицира присуство на една света реалност во која се одвива преминот помеѓу антонимите: жив > мртов. Агрегацијата на умрениот во светот на мртвите претставува и агрегација на живите во светот на живите.

Премините во обредната структура смрт може да се следат на социјален, просторен и на временски план.

На социјален план, првиот премин се одвива помеѓу социјалните категории: жив, здрав > тешко болен, смртник.

Како наставник по етнологија и антропологија на Институтот за етнологија и антропологија, на додипломските студии држел предавања по предметите: Етнологија на Азија, Антропологија на религија, Менаџмент во културата, Теренска етнологија III, Етнологија на Власите во Македонија, Етнологија на Албанците во Македонија, Етнологија на Кина, Антропологија на туризам. На постдипломските студии бил предметен наставник по предметите: Етнологија на Македонија, Применета антропологија и антропологија на туризмот, Антропологија на алтернативен туризам, Антропологија на граѓански културен активизам и др.

Бил член на комисии за оценка и јавна одбрана на дипломски, магистерски и докторски работи на Институтот за етнологија и антропологија.

Во текот на својот релативно краток работен век колегата д-р Љупчо Неделков учествувал на повеќе домашни и меѓународни конференции со свои трудови.

Доц. д-р Љупчо Неделков во текот на својата работа како едукатор и истражувач остави дела и генерации што ќе го паметат и ќе го спомнуваат, како колега и пријател на Институтот за етнологија и антропологија реализира бројни активности за кои ние често се присеќаваме, разговараме и му го спомнуваме името, а во семејството остави поколение што ќе продолжи да го мине својот пат сеќавајќи се на неговата личност и дело.

Љупчо С. Ристески